**20210771167**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 2 април 2021 година.

Бр. 08-1779/1
2 април 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Член 1

Во Законот за Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија'' број 105/2009), во насловот на законот зборовите: „Македонската банка за поддршка на развојот'' се заменуваат со зборовите: „Развојната банка на Северна Македонија''.

Член 2

Во членот 1 зборовите: „Македонската банка за поддршкана развојот'' се заменуваат со зборовите: „Развојната банка на Северна Македонија''.

Член 3

Во членот 2 зборовите: „Македонската банка за поддршка на развојот (во натамошниот текст: МБПР)'' се заменуваат со зборовите: „Развојната банка на Северна Македонија (во натамошниот текст: РБСМ)".

Член 4

Во член 9 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) РБСМ се стекнува со подвижен и недвижен имот и истиот го користи, управува и располага без ограничувања.".

Ставот (2) станува став (3).

Член 5

Членот 13 се менува и гласи:

„(1) За реализација на проекти и/или програми на Владата на Република Северна Македонија, РБСМ:

1) одобрува кредити;

2) одобрува кредити со субвенционирана каматна стапка и

3) издава гаранции од Гарантен фонд.

(2) Владата на Република Северна Македонија и РБСМ склучуваат договор во кој ќе се утврдат условите под кои ќе се одобруваат кредитите од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член, износот на средствата и начинот на нивно обезбедување и пренесување на РБСМ.

(3) Владата на Република Северна Македонија и РБСМ склучуваат договор во кој ќе се утврдат условите под кои ќе се издаваат гаранциите од ставот (1) точка 3) на овој член.

Член 6

По член 13 се додаваат седум нови членови 13-а, 13-б, 13-в, 13-г, 13-д, 13-ѓ и 13-е, кои гласат:

„Член 13-а

(1) РБСМ по добиена претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија може да формира фондови со средства за поддршка на развојот на македонското стопанство за кои во РБСМ се организираат посебни организациони единици.

(2) Владата на Република Северна Македонија и РБСМ склучуваат договор во кој ќе се утврдат начинот на работењето и намената на средствата од фондовите од ставот (1) на овој член.

Член 13-б

За поддршка на развојот преку гарантирање на кредити за обртни средства и на кредити за основни средства одобрени од страна на банки и штедилници кои од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија добиле дозвола за основање и работење, во РБСМ се организира Гарантен фонд како посебна организациона единица.

Член 13-в

(1) Средствата на Гарантниот фонд се обезбедуваат од:

1) Буџетот на Република Северна Македонија, како неповратни средства во износ од 10 милиони евра;

2) заеми и/или кредитни линии од меѓународни финансиски институции;

3) донации од земјата и странство;

4) приходи од провизии за издадени гаранции и

5) приходи од пласмани во хартии од вредност.

(2) Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за зголемување на износот на неповратните средства од ставот (1) точка 1) на овој член.

(3) РБСМ до Министерството за финансии до 30 јуни во тековната година доставува извештај за износот на платените гаранции и состојбата на неповратните средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија од ставот (1) точка 1) на овој член, со состојба на 31 мај во тековната година.

(4) Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за надополнување на неповратните средства со средства од Буџетот на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за финансии по добиенот извештај од ставот (3) на овој член, најдоцна до 31 март во наредната година.

(5) На средствата од ставот (1) на овој член Гарантниот фонд не пресметува и не наплаќа камата.

(6) Средствата на Гарантниот фонд не влегуваат во капиталот на РБСМ и можат да се користат само за намените утврдени во член 13-г од овој закон.

(7) За работа со средствата на Гарантниот фонд, РБСМ отвора посебна наменска сметка во Народната банка на Република Северна Македонија.

(8) За средствата на Гарантниот фонд, РБСМ води посебна финансиско-сметководствена евиденција.

(9) Средствата на Гарантниот фонд може да се пласираат во краткорочни хартии од вредност, издадени од Република Северна Македонија и од Народната банка на Република Северна Македонија.

(10) Приходите од камата од пласманите од ставот (9) на овој член се уплатуваат на сметката од ставот (7) на овој член и се составен дел на неповратните средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 13-г

(1) Средствата на Гарантниот фонд се користат за издавање гаранции за обезбедување на плаќања по основ на главница на новоодобрени кредити за обртни средства и за основни средства со рок на доспевање до осум години со однапред предвидена динамика, одобрени од страна на банките и штедилниците кои имаат дозвола за основање и работење издадена од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

(2) Корисници на гаранциите можат да бидат микро, мали и средни трговци, како и големи трговци кои вршат извоз регистрирани во Република Северна Македонија.

(3) Големи трговци кои вршат извоз во смисла на овој закон се трговски друштва во кои приходите по основ на извоз имаат учество од најмалку 30% во вкупните остварени приходи во фискалната година која и претходи на годината во која е одобрена гаранцијата.

(4) Гаранциите од ставот (1) на овој член не се одобруваат за проекти кои:

1) се финансирани со средства од РБСМ;

2) ја загадуваат животната средина и природа;

3) се наменети за производство и дистрибуција на оружје и воена опрема;

4) се наменети за производство на тутун, дрога и други опојни средства;

5) се поврзани со игрите на среќа;

6) вклучуваат експерименти врз живи животни;

7) се поврзани со трговија на недвижности;

8) се поврзани со финансиски активности и

9) ги реализираат трговски друштва во државна сопственост или трговски друштва во кои Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

Член 13-д

Гарантниот фонд гарантира до 80% од кредитите за обртни средства и до 50% од кредитите за основни средства.

Член 13-ѓ

(1) За одобрување гаранции на корисниците на гаранциите од член 13-г став (2) од овој закон се применуваат:

1) портфолио гаранции и/или

2) индивидуална гаранција.

(2) Портфолио гаранции во смисла на овој закон се гаранции на портфолио на одобрени кредити од банка или штедилница кои се издаваат врз основа на договор склучен помеѓу РБСМ и банка или штедилница.

(3) Индивидуална гаранција во смисла на овој закон е гаранција за одобрен кредит од страна на банка или штедилница на голем трговец кој врши извоз од член 13-г став (3) од овој закон.

(4) Начинот на издавање на гаранциите помеѓу РБСМ и банка или штедилница се уредува со договор склучен согласно со Законот за облигационите односи.

Член 13-е

(1) Гаранциите од членот 13-г од овој закон се одобруваат во корист на банките и штедилниците кои од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија добиле дозвола за основање и работење.

(2) Вкупниот износ на одобрени кредити со гаранција од Гарантниот фонд не може да го надмине десеткратниот износ на средствата на Гарантниот фонд.

(3) Изложеноста спрема ист трговец и со него поврзани лица врз основа на гаранција од Гарантниот фонд се уредува во договорот од членот 13 став (3) од овој закон.

(4) Изложеноста спрема одделна банка врз основа на портфолио гаранции од Гарантниот фонд може да биде најмногу до 25% од износот на средствата на Гарантниот фонд.

(5) Изложеноста спрема одделна штедилница врз основа на портфолио гаранции од Гарантниот фонд може да биде најмногу до 10% од износот на средствата на Гарантниот фонд.

(6) Изложеноста спрема одделна банка или штедилница врз основа на гаранции од Гарантниот фонд не се пресметува во изложеноста од членот 14 од овој закон.

(7) Банките и штедилниците можат да поднесат барање до РБСМ за активирање на гаранција доколку корисникот на кредитот доцни најмалку 60 дена со отплата на кредитот по основ на главен долг обезбеден со гаранција издадена од Гарантниот фонд.

(8) Гаранциите издадени од Гарантниот фонд се плаќаат во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето до РБСМ за плаќање на гаранцијата.

(9) РБСМ има право од средствата на Гарантниот фонд да наплати провизии и други трошоци кои произлегуваат од работата на Гарантниот фонд во висина уредена во договорот од членот 13 став (3) од овој закон.

(10) РБСМ има обврска да презема активности поврзани со наплата на побарувањата по основ на издадените гаранции.’’.

Член 7

Во член 14 ставот (5) се менува и гласи:

„Надзорниот одбор на РБСМ одобрува изложеност спрема одделна банка од над 20% од сопствените средства на РБСМ.’’.

Член 8

По член 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

„Член 18-а

(1) РБСМ најдоцна до 30 јуни во тековната година доставува до Владата на Република Северна Македонија годишен извештај за работењето на Гарантниот фонд за претходната година и на фондовите организирани согласно со членот 13-а став (1) од овој закон.

(2) РБСМ објавува износ на одобрени кредити, број на одобрени кредити, износ на одобрени гаранции и лимит на гаранции по банки и штедилници издадени од Гарантниот фонд на својата веб-страница на квартална основа.

(3) РБСМ до Министерството за финансии доставува полугодишен извештај за структурата на одобрени кредити со гаранција од Гарантниот фонд по категорија на ризик со состојба 30 јуни и декември најдоцна 30 дена по истекот на полугодието.

(4) Министерството за финансии, врз основа на доставените податоци од РБСМ од ставот (3) на овој член на својата веб-страница објавува полугодишен извештај за фискалните ризици на Гарантниот фонд, гарантната изложеност и започнатите постапки за активирање на гаранциите.’’.

Член 9

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

Член 10

Низ целиот текст на законот кратенката „МБПР’’ се заменува со кратенката „РБСМ“.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија’’.